Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 135/0306
16.08 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на **31.07.2024 година**, врз основа на примена жалба од **Асоцијација за згрижување и вдомување на бездомни животни БЕЗДОМНИ ЖИВОТНИ БЕЗ ГРАНИЦИ Скопје**, ја донесе следнава:

# ОДЛУКА

## Жалбата е основана

Разговорот на тема „***Нетранспарентен извоз на бездомни кучиња***“, во рамки на емисијата „Македонија наутро“ на Првиот сервис на МТВ, емитувана на 23.07.2024 година, отстапува од етичките и професионалните стандарди.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**ЖАЛБА**

До Комисијата за жалби при СЕММ, преку Извршната канцеларија, на 24.07.2024 година е доставена жалба од Асоцијацијата за згрижување и вдомување на бездомни животни БЕЗДОМНИ ЖИВОТНИ БЕЗ ГРАНИЦИ Скопје, во која се наведува дека во разговорот воден во рамки на емисијата Македонија наутро на МТВ, на тема „Нетранспарентен извоз на бездомни кучиња“, има елементи на неточно и нефер известување и изјави што не се поткрепени со докази, туку само со лични мислења. Според жалителот, дури и самиот наслов на прилогот е проблематичен, не е направено никакво претходно истражување за да се проверат изјавите на соговорникот.

Наспроти таквите изјави, жалителот во жалбата наведува: „Извезувањето  животни од Македонија се прави по пропишани процедури и одобрено од страна на инспектори при Агенцијата за храна и ветеринарство, царинските служби и електронскиот систем за следење на извозот и увозот низ Европа, TRACES. За каква ‘транспарентност’ се зборува во емисијата е нејасно ..., со тенденција да се наштети на угледот на луѓето кои се единствените во земјата кои помагаат на бездомните животни, на волонтерска основа. Втората страна, односно луѓето кои ги вдомуваат бездомните животни во странство, помагајќи да се намали бројот на бездомни кучиња во земјата, и чиј углед се оцрнува, не е застапена, односно разговорот се води со стилист на расни кучиња кој ниту згрижил бездомно животно, ниту помогнал во нивното вдомување и е целосно незапознаен со обемот на работа и комплексноста на проблематиката. Дополнително, водителот тенденциозно ги нарекува овие луѓе ‘профитери’, без притоа да го образложи тој погрден збор и да го покрепи со докази, со што директно се нарушува угледот на таргетираните граѓани, за да на крајот од емисијата алудира дека сите изнесени информации можеби не се ни вистина... , што укажува на неурамнотеженост во информирањето“.

**ОДГОВОР ОД МЕДИУМОТ**

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот на жалбата, побара од медиумот да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

До Комисијата за жалби на СЕММ, до датумот утврден според Правилникот за работа на Комисијата, медиумот не достави одговор, иако регуларно беше контактиран од Извршната канцеларија и известен за пристигнатата жалба и наводите во истата.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА**. Разговорот воден на тема "Нетранспарентен извоз на бездомни кучиња“, во рамки на емисијата „Македонија наутро“ на МТВ, емитувана 23.07.2024 година**,** отстапува од етичките и професионалните стандарди утврдени во **членовите 1 и 13 од Кодексот на новинари на Македонија**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата го разгледа спорниот разговор и утврди дека темата е од голем јавен интерес – здомување на бездомни кучиња со акцент на негрижата при извозот, за кој уште во насловот се тврди дека е нетранспарентен.

Комисијата заклучи дека во разговорот постојано се провлекуваат неколку тврдења базирани на шпекулации. Почнувајќи уште од насловот, се изнесуваат тврдења и коментари, но без да се изнесат утврдени факти и проверени информации. Имено, новинарот не се потрудил претходно, уште при подготовката на разговорот, да пронајде факти за грижата односно негрижата за здомувањето на бездомните кучиња преку извозот во странство. Уште во самиот наслов се шпекулира дека процесот е нетранспарентен, со што на јавноста ѝ се наметнува готов заклучок, а единствен 'аргумент' на новинарот во почетокот на разговорот е исказот „се зборува дека...“.

Комисијата заклучи дека, иако не мора задолжително да има втора страна во студиото или во рамки на разговорот да се емитува изјава снимена со друг соговорник кој е директно запознаен со проблемот, новинарот бил должен барем да поразговора со друг извор – познавач на темата, и пред соговорникот да го изнесе и неговото мислење како контрааргумент.

Без таков пристап, во разговорот останаа само и единствено тврдењата на соговорникот, кој во еден момент како аргумент за неговото барање да се запре со извозот на кучиња наведува и дека дел од бездомните животни може да се користат за земање крв заради пополнување на залихите на легалните банки за крв кои постојат во земјите каде се врши извозот или пак, дека на дел од извезените бездомни животни може да им се прават хемиски експерименти (веројатно во фармацевтски цели), како и дека дел од животните директно се еутаназираат, бидејќи кај нив бил пронајден некаков извор на зараза.

Дел од членовите на Комисијата заклучија дека разговорот, воден на таков начин, може да придонесе за директно дезинформирање на јавноста, наместо да придонесе за првичната цел - подигање на јавната свест за евентуални нерегуларности при извозот на бездомни кучиња од земјата.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Имајќи ги предвид аргументите изнесени погоре, Комисијата заклучи дека со емитуваниот прилог во емисијата „Македонија наутро“ се нарушени два члена од Кодексот на новинарите на Македонија, членот 1 и членот 13:

Член 1
Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи.
Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

Член 13
Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата **едногласно** одлучи како што е погоре образложено.

Во расправата за оваа точка учествуваа следните членови на Комисијата: Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Димитар Мицев, Снежана Трпевска, Жана Божиновска, Зуриета Јахјага и Тамара Чаусидис.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595